**СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА**
Бул. Александар Македонски,
бб, п.ф. 10, 1130, Скопје, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Тел. ++ 389 2 3116 053,
++ 389 76 220 414
e-mail: sojuz.na.matematicari@gmail.com
www.smm.com.mk ; www.smm.org.mk

**UNION OF MATHEMATICIANS OF MACEDONIA**
BUL. Aleksandar Makedonski,
bb, p.f. 10,1130, Skopje, REPUBLIC OF MACEDONIA
Tel. ++ 389 2 3116 053,
++ 389 76 220 414
e-mail: sojuz.na.matematicari@gmail.com
www.smm.com.mk; www.smm.org.mk

До
Директорот
и професорите по математика
при_______________________

**Предмет:** Известување за регионалениот натпревар по математика за учениците од средното образование во учебната 2017/2018 год.

Ве известуваме дека Регионалниот натпревар по математика за учениците од средното образование ќе се одржи на 17.02.2018 год.

Почетокот на натпреварот е во 10 часот и истиот трае 150 минути.

Регионалниот натпревар ќе се реализира како и секогаш во шест региони и тоа:

**1. Регион** Скопје. Домаќин: ПСУ. Јахја Кемал; Одговорен професор: проф. Јилмаз Деликташ, тел. 070 357 235; e-mail: yilmaz.deliktas@ykc.edu.mk

**2. Регион:** Крива Паланка, Куманово, Кратово, Пробиштип, Свети Николе. Домаќин: Гим. Кочо Рацин; Одговорен проф. Мирјана Доганџиска, тел. 078 443978; e-mail: mirjanadogandziska@yahoo.com

**3. Регион:** Тетово,Гостивар,Кичево, Охрид, Струга, Дебар. Домаќин Гим. 7-ми Марси; Одговорен професор: проф. abush Islami, тел. 075 221636; e-mail: prof.abushislami@hotmail.com

**4. Регион:** Валандово, Кавадарци, Неготино,Гевгелија,Велес, Богданци. Домаќин: СОУ Богданци, Богданци; Одговорен професор:проф. Дијана Узунова, тел. 078 238714; e-mail: udijana970@gmail.com

**5. Регион:** Битола, Ресен, Прилеп, Крушево, Македонски Брод, Демир Хисар. Домаќин: СОУ гимназија Јосип БРОЗ ТИТО; Одговорен професор: проф. Оливера Ѓоргиева тел. 070 245880; e-mail: oliverakd@yahoo.com

**6. Регион:** Берово, Делчево, Кочани, Штип, Струмица, Радовиш, Виница. Домаќин: СОУ гимназија Коста Сусинов; Одговорен професор: проф. Катерина Донева тел. 071 253448; e-mail: kate_doneva@yahoo.com

Училиштата домаќини и лицата за контакт ќе бидат објавени и на сајтовите на СММ (www.smm.org.mk и www.smm.com.mk ) како и во ова соопштение.

Регионалниот натпревар како и општинскиот натпревар се реализира во две групи: А и Б. Во групата А се натпреваруваат учениците од гимназиското образование. Во групата Б се натпреваруваат учениците од сите останати средни училишта. Листите на учесниците на натпреварот по региони (за секоја категорија А и Б одвоено) ќе бидат составени по одржувањето на Општинскиот натпревар според постигнатите резултати од истиот, во согласност со член 8 од правилникот за организирање и спроведување на натпревари во Средното образование.

На регионалниот натпревар, надвор од горенаведената квота учествуваат, учениците кои на минатогодишниот Државен натпревар освоиле награда. Училиштата домаќини на регионалниот натпревар може да учествуваат со по еден натпреварувач повеќе во секој клас одвоено, надвор од пропишаната квота.

На натпреварот, за секоја година, ќе бидат дадени четири задачи кои ќе се вреднуваат со вкупно 100 бода.

Изборот на задачите ќе биде:

- за прва година, една задача од одобрените учебници од страна на Министерството за образование и наука или од збирките по математика;
- за прва година, една задача од списанието СИГМА од последните четири броја до моментот на одржување на натпреварот.
- две задачи од списанието СИГМА и тоа: за втори клас од броевите од оваа и пртходната учебна година, за трети клас од броевите од оваа и претходните две учебни години, за четврти клас од оваа и претходните три учебни години;
- две задачи по слободен избор на комисјата, за сите години.

Ве молиме најдоцна до 10.02.2018 год. да доставите список (пријава) на учениците натпреварувачи од Вашето училиште кои не се во квотата на ученици кои пласманот на Регионалниот натпревар го обезбедиле преку пласман на Општинскиот натпревар за учениците од средното образование 2018. Во пријавата која треба да е во електронска форма да биде наведено името и презимето на ученикот натпреварувач, класот, групата во која ќе се натпреварува и менторот, т.е. со податоци како за Општинскиот натпревар за учениците од средното образование. Ве молиме списокот (пријавата) на учениците натпреварувачи **обавезно** да го доставите и до училиштето домаќин на Регионалниот натпревар на Вашиот регион.

Се замолуваат училиштата, учесници на натпреварот **да делегираат** по **НАЈМАЛКУ ЕДЕН МЕНТОР**, **прегледувач** на задачи, кои ќе учествуваат во прегледување на решенијата на задачите од учениците. Со тоа ќе се обезбеди **непречено спроведување на натпреварот**. **Во спротивен случај, т.е. ако некое школо НЕМА ПРЕГЛЕДУВАЧ, од тоа школо тетратките нема да се прегледаат и за тоа школо нема да се објават резултати. Претходното е гемерален заклучок на**

**членовите на управниот одбор, донесен спред праксата и правилникот за натпревари во средното образование што веќе низа години функционира во СММ.**

**Секој член на Комисија за прегледување, согласно акредитацијата за организирање и одржување на натпреварите во средното образование е член на државна Комисија за прегледување на задачите од регионалниот натпревар, и за тоа ќе добие соодветна документација(потврда или сертификат).**

Училиштата домаќини се **обврзани обавезно** да направат соодветни **списоци на ученици-учесници на натпреварот со внесени поени и награди**, **списоци на прегледувачи, списоци на тестатори** на натпреварот во својот регион, во excell табели кои благоремено ќе Ви ги доставиме а кои ќе бидат логирани и на страните на СММ (www.smm.com.mk и www.smm.org.mk). По одржување на натпреварот истите, уредно пополнети треба да се доставаат на адресата: natprevari.smm@gmail.com.

За евентуални промени до моментот на одржување на натпреварот, од било каков вид, СММ на време ќе Ве информира.

Скопје, 03.02.2018 година

Со почит,
Претседател на СММ
Проф. Алекса Малчески